Врз основа на член 124 став (1) алинеја 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25) и член 43 став 1 алинеја 11 и член 83 точката 16 од Статутот на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија бр. 01-1414/2 од 05.03.2026 година, Програмскиот совет на МРТ на својата 47-ма седница, одржана на 19.06.2026 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К
# за начинот и постапката за спроведување на јавни конкурси, начинот и постапката за набавката на аудио или аудиовизуелни дела, односно програмски содржини, како и за склучување и раскинување на Договори во Јавното радиодифузно претпријатија Македонска радио-телевизија

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се уредува начинот и постапката за спроведување на јавни конкурси, како и начинот и постапката за спроведување на набавката на аудио или аудиовизуелни дела, односно на програмски содржини, како и постапката за склучување и раскинување на договори во Јавното радиодифузно претпријатија Македонска радио-телевизија (во натамошниот текст: МРТ).

### Член 2

Со овој Правилник треба да се обезбеди транспарентност, економичност, ефикасност и ефективност во управувањето со финансиските средства на МРТ, согласно со годишната програма за работа на МРТ, Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за медиуми и другите општи акти на МРТ.

### Член 3

МРТ е должна најмалку 10% од својот годишен буџет за производство и набавка на програми да го наменува за набавка на аудио и аудиовизуелни дела од независни продуценти. Оваа одредба има за цел да го поттикне развојот на независната продукција во земјата.

МРТ е должна на најмалку еден ТВ програмски сервис на Македонски јазик да обезбеди не помалку од 60% од вкупно емитуваните програми во текот на годината, да бидат европски аудиовизуелни дела.

Во уделот на европски дела спаѓаат и аудиовизуелни дела од сопствено производство и производство од македонски автори и продукции на аудиовизуелни дела.

### Член 4

МРТ за секој програмски сервис што го емитува има одговорен уредник.

Одговорниот уредник ја води реализацијата на содржините што се објавуваат, односно емитуваат и одговора за секоја објавена информација во медиумот согласно со закон.

Работата на одговорните уредници во МРТ треба да биде независна од какво и да е влијание, од надворешни субјекти и институции или интерно — од органите на управување со МРТ, со цел да се гарантира уредувачката слобода и независност на МРТ.

Програмскиот совет на МРТ и Директорот на МРТ не смеат да ги прегледуваат одделните емисии или други програми пред истите да бидат емитувани, односно не може да донесуваат одлуки и ставови за нивното емитување.

## II. КОМИСИЈА ЗА ИЗБОР НА ПРОГРАМСКИ СОДРЖИНИ

### Член 5

Изборот на програмските содржини, односно аудио и аудиовизуелни дела по спроведениот јавен конкурс, го врши Комисија за избор на програмски содржини (во натамошниот текст: Комисија), која ја формира Директорот на МРТ.

### Член 6

Комисијата се состои од пет (5) члена:

- Директор на МРТ — претседател на Комисијата;
- Три (3) уредници кои ги предлага Уредничкиот колегиум —членови и
- Одговорен уредник на програмскиот сервис кој ја иницирал набавката — дополнителен член.

Заклучно со 15 декември во тековната година за следната година, Уредничкиот колегиум ги определува тројцата членови од став 1 алинеја 2 на овој член и ги доставува до директорот на МРТ. Членовите се со мандат од една (1) година, а еден ист уредник не може да биде член во два последователни мандати.

Директорот на МРТ за секој јавен конкурс со одлука формира Комисија во состав согласно ставот 1 на овој член.

Директорот на МРТ во Комисијата може да вклучи дополнителни членови доколку содржината на програмските содржини, односно аудио и аудиовизуелни дела кои се предмет на јавниот конкурс е сложена и бара ангажирање на дополнителни членови.

Доколку дополнителниот член од став 1 алинеја 3 на овој член е еден од трите одговорни уредници кои за тековната година се определени од Уредничкиот колегиум како членови на Комисијата согласно со став 1 алинеја 2 на овој член, за дополнителен член директорот именува друг уредник од програмскиот сервис кој ја иницирал набавката.

Бројот на членовите на Комисијата мора да биде непарен.

Комисијата одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Комисијата.

Комисијата може да одлучува доколку на седницата присуствуваат мнозинството од членовите.

### Член 7

Член на Комисијата кој има судир на интереси во смисла на Статутот на МРТ и Правилникот за спречување судир на интереси на МРТ е должен да се изземе од работата на Комисијата во постапката за која постои судир на интереси.

Пред отпочнување на постапката за отворање и оценување на понудите, секој член на Комисијата потпишува Изјава за непристрасност, доверливост и тајност.

Со изјавата од ставот 2 на овој член, членот на Комисијата потврдува дека нема директен или индиректен личен, финансиски или друг интерес со подносителите на понудите, како и дека немал неовластени контакти со нив надвор од официјалната процедура на конкурсот.

За изземање, членот на Комисијата поднесува писмена изјава до Претседателот на Комисијата пред почетокот на постапката.

Наместо изземениот член, Директорот на МРТ именува друг член предложен од Уредничкиот колегиум.

**Член 8**

Комисијата е должна да го изврши изборот во рок од 30 дена од денот на јавното отворање на сите пристигнати понуди по спроведениот јавен конкурс.

За извршениот избор на аудио и аудиовизуелни дела, Комисијата е должна да ги извести по писмен пат сите учесници на јавниот конкурс.

**Член 9**

Преглед на извршениот избор со образложение за извршениот избор од програмски аспект, Комисијата доставува до Програмскиот Совет на МРТ и до Директорот на МРТ, во рок од 8 дена од денот на извршениот избор.

## III. НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ЈАВНИ КОНКУРСИ

**Член 10**

За избор на аудио или аудиовизуелни дела, односно на програмски содржини се спроведува Јавен конкурс.

Јавниот конкурс се објавува најдоцна до 20 јануари во тековната година. Рокот за пријавување на јавниот конкурс е 30 дена. Пријавите се доставуваат преку архива на МРТ со назнака на бројот и датумот на конкурсот и преку електронска адреса специфично наменета за доставување на понуди објавена во Јавен конкурс.

Програмите предмет на јавниот конкурс се однесуваат на телевизиски емисии од информативна, документарна, играна, културна, уметничка, образовна, детска, забавна и спортска содржина, како и содржини со кои се обезбедуваат правата и интересите на граѓаните.

**Член 11**

По исклучок од членот 10 став 2 на овој Правилник, Директорот на МРТ, на предлог на Уредничкиот колегиум и по претходна писмена потврда од Секторот за финансиско работење за обезбедени дополнителни или пренаменети средства, може да донесе Одлука за распишување на **Вонреден наменски јавен конкурс** во текот на календарската година.

Одлуката за распишување на вонреден конкурс мора да содржи детално програмско и финансиско образложение за специфичните програмски потреби и намени на средствата.

Постапката, роковите, критериумите и начинот на оценување на Вонредниот наменски јавен конкурс се спроведуваат идентично согласно одредбите од овој Правилник кои важат за редовниот Јавен конкурс.

**Член 12**

Постапката за набавка на програмски содржини од независни продуценти и за аудио и аудиовизуелни дела се покренува со објавување на Јавен конкурс за доставување на понуди на ВЕБ страната на МРТ.

Јавниот конкурс за доставување понуди содржи информации за видот на програмата односно аудио и аудиовизуелните дела кои се набавуваат, обемот на правата, како и другите услови важни за спроведување на постапката.

МРТ ќе спроведува постапка преку Јавен конкурс на која на јасен и транспарентен начин ќе ги определи условите за набавка на програмата, односно аудио и аудиовизуелни дела, имајќи ги во предвид пред сè квалитетот и цената на понудените дела.

**Член 13**

Право да учествуваат на јавниот конкурс имаат независни продуценти — физички и правни лица, како и продуцентски компании, здруженија и индивидуалци — професионалци кои се занимаваат со производство на аудио и аудиовизуелни медиумски содржини и слично.

Право на учество на конкурсот немаат правни лица:

- кои се основани пред помалку од 12 месеци од денот на поднесување на понудата;
- чија сметка била во блокада по кој било основ во последните 6 (шест) месеци пред денот на отворање на понудите;
- кои во последните 3 (три) години ги прекршиле договорните обврски кон МРТ (доцнење со испорака, испорака на неквалитетен материјал или еднострано раскинување на договор по нивна вина).

**За да се смета за комплетна, пријавата на јавниот конкурс задолжително мора да ги содржи следните три содржински целини (пликови/папки):**

1. **ПРОГРАМСКИ И КРЕАТИВЕН ДЕЛ (за конкретното дело):**

- **Детален синопсис** (краток опис на концептот, целната група и структурата на емисијата/проектот);
- **Комплетно сценарио** за првите 3 (три) епизоди (доколку се работи за серијален формат) или комплетно сценарио за целото дело (доколку се работи за еднократен проект/филм/документарна емисија);
- **Продукциски елаборат** кој содржи: предлог за кастинг (актери, водители, клучни учесници), опис на локациите за снимање, техничка спецификација на опремата што ќе се користи (камери, светло, тон) и предвиден динамички план (роковник) на снимање и постпродукција;
- **Готова пилот епизода или видео-тизер (трејлер)** во времетраење од минимум 3 до максимум 10 минути, која верно го прикажува визуелниот и аудио квалитетот на делото (доколку е применливо и наведено како услов во конкурсот).

2. **ФИНАНСИСКИ ДЕЛ (Финансиски план):**

- **Детален буџет на проектот** прикажан по детални ставки: трошоци за авторски хонорари (сценарист, режисер, актери/водители), трошоци за техничка екипа, изнајмување опрема, сценографија и костимографија, патни трошоци и локации, како и трошоци за постпродукција (монтажа, колор-корекција, звучна обработка);
- **Финансиска спецификација за цена по минута** (однос меѓу вкупниот буџет и вкупното времетраење на емитуваната содржина);
- **Изјава за кофинансирање** (доколку подносителот веќе има обезбедено други извори на средства или спонзорства за истиот проект, со прецизно наведување на процентот на учество на МРТ во вкупниот буџет).

3. **АДМИНИСТРАТИВНА ДОКУМЕНТАЦИЈА:**

- **Тековна состојба** за правното лице издадена од Централниот регистар на РСМ (не постара од 3 месеци), како доказ за регистрација на субјектот;
- **Потврда од Управата за јавни приходи (УЈП)** за платени даноци и придонеси (не постара од 30 дена);
- **Потврда од банка** за салдо на сметката и доказ дека сметката не била блокирана во последните 6 месеци;

- **Список на реализирани продукции** во последните 5 години со писмени докази/потврди за нивно емитување на телевизија со регионален или национален досег (за правни лица), односно детално **портфолио на остварени дела** (за физички лица — автори);
- **Професионални биографии (CV)** на клучниот авторски тим (носители на проектот: режисер, главен сценарист, главен продуцент);
- **Заверена Изјава под материјална и кривична одговорност** со која подносителот гарантира дека е ексклузивен носител на авторските и сродните права на доставениот материјал и дека МРТ нема да сноси никаква одговорност кон трети лица.

**Понудата што нема да содржи кој било од горенаведените елементи и документи ќе се смета за некомплетна и Комисијата автоматски ќе ја исклучи од натамошна постапка на јавното отворање, со писмено образложение во записникот.**

**Член 14**

При утврдување на програмскиот интерес на МРТ, Комисијата врши евалуација и бодување на понудите со вкупен максимум од 100 бодови, применувајќи ги следните прецизни критериуми:

1. **КРИТЕРИУМ: Квалитет на програмската содржина** — максимум 40 бодови
   - Оригиналност, креативност и уметничка вредност на доставениот синопсис или сценарио: до 20 бодови;
   - Изводливост на проектот, визуелен и продукциски потенцијал (врз основа на пилот епизода или детална продукциска разработка): до 10 бодови;
   - Усогласеност на предложената содржина со програмските стандарди и мисијата на јавниот сервис МРТ: до 10 бодови.

   Елиминационен праг за квалитет: Понудата која по овој критериум нема да освои најмалку 25 бодови се смета за неквалитетна и автоматски се елиминира од понатамошна постапка, без притоа да се бодуваат цената и референците.

2. **КРИТЕРИУМ: Економска оправданост и цена** — максимум 30 бодови

   Оценката на понудената цена се врши по пат на следната математичка формула Б = (Цмин/Цпон) x 30
   Каде што Цмин е најниската понудена цена по минута меѓу комплетните понуди кои го поминале елиминациониот праг за квалитет, а Цпон е цената на понудата која во моментот се оценува.
   Понуда чија цена по минута емитувана содржина значително ја надминува или е нереално прониска од пазарната вредност утврдена со претходната benchmark анализа на Секторот за финансиско работење, Комисијата има право да ја дисквалификува како економски неодржлива.

3. **КРИТЕРИУМ: Референци и капацитет на подносителот** — максимум 20 бодови:
   - Доказ за успешно реализирани и емитувани дела на јавен сервис или комерцијална телевизија со национален досег во последните 5 години (со доставување потврди за емитување): до 10 бодови;
   - Професионално портфолио и реноме на авторски тим (режисер, главен сценарист, главен продуцент) преку доставување на кратки биографии (CV): до 10 бодови.

4. **КРИТЕРИУМ: Значење на делото од аспект на јавниот интерес** — максимум 10 бодови

- Придонес кон афирмацијата и негувањето на македонскиот јазик, култура, културно наследство, традиции и вредности, како и на јазиците, културите, културното наследство, традициите и вредностите на сите заедници во Република Северна Македонија, или специфичен придонес кон дефицитарни жанрови (научна, детска или образовна програма): до 10 бодови.
- Секој доделен бод по секој критериум поединечно мора да биде детално и децидно образложен во Записникот од Член 18 за секоја разгледувана понуда поединечно.

**Член 15**

Пред отпочнување на постапката на преговори, соодветниот Одговорен уредник на програмскиот сервис на МРТ, за времетраење на седницата на Комисијата дава согласност дека постои програмски интерес за набавка на понудените дела.

Постапката на преговори не може да започне доколку не постојат расположливи финансиски средства за набавка на одредена програмска содржина, односно аудио и аудиовизуелно дело.

Верификацијата на расположливите финансиски средства ја врши Секторот за финансиско работење пред отпочнување на преговорите, и доставува писмена потврда до Претседателот на Комисијата.

**Член 16**

Врз основа на резултатите од преговорите, Комисијата од член 6 на овие Правила, до Директорот на МРТ доставува Одлука за прифаќање на понудата и за извршениот избор на набавката. Доколку понудувачот не биде повикан на преговори или преговорите завршат неуспешно, Комисијата ќе го извести понудувачот дека понудата е одбиена.

Понудите кои го поминале прагот на квалитет, а не се предмет на итни преговори, остануваат во постапка на разгледување согласно актуелните програмски потреби и финансиски можности на МРТ, но не подолго од 6 (шест) месеци од денот на јавното отворање на понудите. По истекот на овој рок, доколку не е покрената постапка за преговори, понудата се смета за одбиена, а постапката по истата за завршена.

**Член 17**

На денот и часот определени со јавниот конкурс, Претседателот на Комисијата свикува јавно отворање на сите пристигнати понуди. На отворањето присуствуваат сите членови на Комисијата.

На јавното отворање, Комисијата констатира: вкупниот број на пристигнати понуди, идентитетот на подносителите и навременоста на доставувањето.

Ненавремените и некомплетни понуди се исклучуваат веднаш, со писмено образложение.

За јавното отворање на понудите се составува Записник за отворање на понуди, потпишан од сите присутни членови на Комисијата, кој содржи: датум и час на отворање, список на сите пристигнати понуди, констатација за навременост и комплетност, и список на исклучени понуди со образложение.

**Член 18**

Сите пристигнати понуди, вклучително и ненавремените, одбиените и некомплетните се чуваат во оригинална форма најмалку 5 години од денот на јавното отворање. Комисијата нема овластување да уништи или врати понуда пред истекот на овој рок.

Понудите се доставуваат преку архивата на МРТ и на електронската адреса објавена во јавниот конкурс. Архивски и електронски доставената документација соодветно се евидентира и архивира, а Секторот за правни работи е одговорен за уредно чување на целокупната документација по јавниот конкурс.

**Член 19**

По завршувањето на постапката за избор, Комисијата составува Записник за извршен избор на програмски содржини, кој задолжително содржи:

- список на сите разгледувани понуди;
- оценка на секоја понуда по секој критериум од членот 13 на овие Правила, со конкретно образложение;
- образложение зошто е избрана одредената понуда, со директно повикување на критериумите;
- образложение зошто се одбиени другите понуди;
- потписи на сите членови на Комисијата.

Записникот е задолжителен прилог на Одлуката која Комисијата ја доставува до Директорот на МРТ согласно членот 16 од овој Правилник. Директорот не може да потпише Договор доколку нема составен Записник за извршен избор.

## IV. ДИРЕКТНА НАБАВКА

**Член 20**

Кога за тоа постојат оправдани програмски и деловни причини, Одговорниот уредник на Програмскиот сервис на МРТ може да упати директен повик до одделни производители на аудио и аудиовизуелни дела, односно програмски содржини за доставување на понуда на точно определени дела.

Директната набавка може да се примени доколку предмет на набавка е специфично ексклузивно дело чии авторски права ги поседува само еден одреден продуцент или автор, и истото не може да се замени со друго компаративно дело на пазарот.

Во барањето за директна набавка, Одговорниот уредник задолжително наведува: програмско образложение, финансиска проценка, и потврдена расположливост на буџетски средства од Секторот за финансиско работење.

Вкупната вредност на сите договори склучени по пат на Директна набавка на годишно ниво не смее да надмине 3% од вкупниот годишен буџет на МРТ наменет за набавка на програми од независни продуценти согласно Член 3 од овие Правила. Секоја директна набавка мора да добие претходна согласност од Програмскиот совет на МРТ.

Директната набавка не може да се користи како редовна замена за Јавниот конкурс.

## V. СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРИ

**Член 21**

Одговорниот уредник на програмскиот сервис на МРТ, доставува барање за подготвување на договор до Секторот за правни работи.

Во случај на негово отсуство, односно во случај да нема именуван Одговорен уредник на сервис, барањето за подготвување на Договор до Секторот за правни работи го поднесува Директорот на МРТ.

Барањето треба да ги содржи сите потребни документи за склучување на Договорот, а особено: точен назив на договорната страна, седиште, жиро сметка, даночен број, матичен број на субјектот, предмет на Договорот, вредност (цена), обврска на МРТ како компензација доколку не се врши плаќање во готовина, рок на важење на Договорот, права и обврски на договорните страни, начинот на раскинување на договорот и други битни елементи за склучување на Договорот.

**Член 22**

На Барањето за подготвување на договор му претходи Програмскиот интерес кој заедно со Одлуката за избор по јавниот конкурс од членот 16 став 1 на овој Правилник го доставува Комисијата и тоа до Секторот за правни работи и до Директорот на МРТ. Со Програмскиот интерес се искажува намерата за емитување на наведените програмски содржини, односно аудио и аудиовизуелни дела на односниот програмски сервис.

**Член 23**

Секторот за правни работи во соработка со Секторот за финансиско работење е должен да го подготви Договорот во рок од 8 дена, освен во посложени случаи кога рокот за подготовка на договорот е 15 дена, од денот на приемот на барањето со целокупната документација за изготвување на Договорот.

Пред потпишувањето на Договорот, Секторот за финансиско работење издава писмена потврда за осигурување на финансиски средства за проектот во Финансискиот план на МРТ.

По исполнување на сите горенаведени услови и обезбедени средства за проектот во Финансискиот план на МРТ, Директорот на МРТ е должен да го потпише Договорот за набавка на програмски содржини, односно аудио и аудиовизуелни дела.

## VI. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРИ

**Член 24**

Договорот може да се раскине во случаи предвидени со самиот Договор, Законот за облигациони односи и другите применливи прописи.

Причини за раскинување на договорот од страна на МРТ вклучуваат:

- неисполнување или ненавремено исполнување на договорните обврски од страна на договорната страна;
- доставување на содржина која значително отстапува од договореното;
- настанување на виша сила која трајно го оневозможува исполнувањето на договорот;
- промена на програмските приоритети на МРТ со значително влијание врз предметот на договорот;
- утврдување на неправилности или измами во постапката за избор или во реализацијата на договорот или
- други основани причини согласно закон.

Доколку по потпишувањето на договорот или во текот на неговата реализација се утврди дека испорачаното дело (или дел од него) е плагијат или содржи повреда на авторските и сродните права на трети лица, МРТ веднаш еднострано го раскинува договорот.

Во случаите од ставот 3 на овој член договорната страна е должна веднаш, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на раскинувањето, да му ги врати на МРТ сите дотогаш исплатени финансиски средства во целост, зголемени за законската камата.

Во случаите од ставот 3 на овој член, одговорноста за обезбедување и почитување на авторските и сродните права ја сноси договорната страна која ги отстапува или обезбедува тие права, согласно важечките законски прописи.

**Член 25**

Иницијатива за раскинување на договорот, доколку настанала некоја од причините за тоа, може да поднесе секое лице кое дознало за настанување на причината.

Иницијативата се поднесува до Одговорниот уредник на програмскиот сервис на кој се емитуваат аудио или аудиовизуелните дела, односно на програмските содржини или до Директорот на МРТ, а истата содржи кратко наведување на причините за раскинување на договорот.

Одговорниот уредник на програмскиот сервис или Директорот на МРТ, по добиената иницијатива подготвуваат предлог за раскинување на договорот со писмено образложение во кое се наведени конкретните причини за раскинување на договорот.

Одговорниот уредник на програмскиот сервис или Директорот на МРТ можат и по сопствена иницијатива да предложат раскинување на договорот согласно ставот 3 на овој член, доколку дознаат за или утврдат постоење на причини за негово раскинување.Предлогот за раскинување од ставот 3 на овој член се доставува до Секторот за правни работи, кој во рок од 5 дена изготвува правно мислење за основаноста и последиците од раскинувањето.

Врз основа на предлогот и правното мислење на Секторот за правни работи, Директорот на МРТ донесува одлука за еднострано раскинување на договорот врз основа на членот 101 од Законот за општата управна постапка.

Директорот на МРТ е единствено овластено лице за донесување на одлука за раскинување на договор.

Против одлуката од ставот 6 на овој член договорната страна има право со тужба да поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката.

## VII. ИСКЛУЧОЦИ ОД ПРАВИЛАТА

**Член 26**

Комисијата од член 6 на овие Правила не е надлежна за избор на програмски содржини поврзани со настани од големо значење за јавноста опфатени со Одлуката за утврдување листа на настани од големо значење за јавноста на Република Северна Македонија, донесена од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (некомерцијални), за програмските содржини чии лиценцни права и се доделени на МРТ без никаков надомест, како и програмските содржини добиени од Европската радиодифузна унија по пат на размена на програми, кои понатаму ќе бидат предмет на разгледување за програмски интерес на програмските колегиуми на односните програмски сервиси на коишто ќе бидат емитувани. Доколку односниот одговорен уредник поднесе Барање за изготвување договор, се пристапува кон потпишување на Договорот.

## VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 27**

Започнатите постапки до денот на влегување во сила на овој Правилник ќе се завршат согласно одредбите од овој Правилник.

**Член 28**

Со денот на влегувањето во сила на овој Правилник, престануваат да важат Правилата за начинот и постапката за спроведување на јавни конкурси, начинот и постапката за набавката на аудио или аудиовизуелни дела, односно програмски содржини, како и за склучување на Договори бр.03-2502/1 од 17.04.2025 година донесени од Директорот на МРТ.

**Член 29**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавување на Огласната табла на МРТ и на интернет-страницата на МРТ.

ПРОГРАМСКИ СОВЕТ
на Јавното радиодифузно претпријатие
Македонска радио-телевизија

Бр. 02-3602/2
19.06.2026 година

________________________________

Давор Пашоски
Претседател